РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Бр. 03-4003/1

Скопје 28.10.2021г.

**Предмет: Дневен извештај**

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

Почитувани,

Согласно обврските од членот 76-в став 2 од Изборниот законик и нашиот меѓуинституционален Меморандум за соработка, склучен на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува дневниот извештај за **27 октомври 2021** година.

Во него Ве известуваме дека Агенцијата ги потсети радиодифузерите дека, согласно членот 85-а од Изборниот законик, се должни на образец пропишан од Министерството за финансии, да поднесат извештај за рекламниот простор искористен од секој од учесниците во изборната кампања и за средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа до Министерството за финансии, Државната изборна комисија, Државната комисија за спречување на корупцијата и Државниот завод за ревизија.

Исто така, Ве информираме дека, на 27 октомври Агенцијата ги потврди и извештаите за реализирани услуги на Трговското радиодифузно друштво ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово, со што беше заокружен процесот на потврдување на извештаите на радијата и телевизиите за првиот круг од изборната кампања за Локалните избори 2021.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Директор

---------------------------------------------------

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ